# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**30.05.2022 год.** **Бр.VI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 12-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 27.05.2022 год.**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 12-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 27.05.2022 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-733/1 од 30.05.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево" 1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 27.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот "Збогатување на културната понуда во насока на развој на туризмот во**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува во кофинансирање на проектот **„Збогатување на културната понуда во насока на развој на туризмот во регионот " во износ до 1.320.092,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 1.320.092,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2022 и 2023 година.

**Член 3**

Преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион, проектот се поднесува за користење на средства од грантовата шема (2022-2024) во рамките на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" - фаза 2, имплементиран од Министерството за локална самоуправа и кофинансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-705/3 од 27.05.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на Р.М." бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на

Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.05.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа за време на манифестацијата „When in Krusevo” во деновите 24, 25 и 26.06.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-705/4 од 27.05.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 до Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ” бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 26/16 и 178/16 и „Службен весник на РСМ” бр.122/21), Советот на Општина Крушево на седницата, одржана на 27.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Крушево за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека во Буџетот на Општина Крушево за 2022 година се резервирани средства за експропријација во вкупен износ од 98.705,00 денари, расходно конто 485.420 надомест за одземен имот ЕА.

**Член 2**

Средствата од став 1 од овој член ќе се искористат во постапката за експропријација при реализација на јавен интерес од локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-705/5 од 27.05.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 34, 93 и 94 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11; 41/14; 129/15; 71/16; 106/16; 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.215/21), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.05.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Универзална Единица за заштита и спасување на Општина Крушево**

1. **СЕ ФОРМИРА** Универзалната Единица за заштита и спасување на Општина Крушево во следниот состав:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Смилески Димитар | ЈП „Комуна“ | Крушево |
| 2. | Цветкоски Сашо | ЈП„Комуна“ | Крушево |
| 3. | Талески Перо | ЈП „Комуна“ | Крушево |
| 4. | Здравески Никола | ЈП „Комуна“ | Крушево |
| 5. | Србиноски Кочо | ЈП „Комуна“ | Крушево |
| 6. | Рустемоски Менсур | ЈП “Комуна“ | с.Норово |
| 7. | Шоке Кочо | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |
| 8. | Алимоски Муамер | ООУ „Н.Карев“ | с.Саждево |
| 9. | Симјан Иваноски | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |
| 10. | Трајкоски Горан | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | Бонески Љупчо | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |
| 12. | Христоски Никола | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |
| 13. | Филипоски Ташули | ООУ „Н.Карев“ | Крушево |
| 14. | Јакупи Џемаил | ООУ „Н.Карев“ | с.Алданци |
| 15. | Изеири Абуш | ООУ „Н.Карев“ | с.Норово |
| 16. | Ајроски Севим | ООУ „Н.Карев“ | с.Белушино |
| 17. | Љаиќ Даут | ООУ „Н.Карев“ | с.Борино |
| 18. | Ѓоргиески Миле | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | с.Св. Митрани |
| 19. | Аџиоски Пеце | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | с.Бучин |
| 20. | Јанкоски Спирче | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | Крушево |
| 21. | Ристески Кирче | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | Крушево |
| 22. | Изероски Сафет | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | с.Пресил |
| 23. | Усеиноски Ќенан | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | с.Пресил |
| 24. | Борис Бојчиноски | СОУ „Наум Н.Борче“ | Крушево |
| 25. | Куртески Тошо | СОУ „Наум Н.Борче“ | Крушево |
| 26. | Роберт Мојаноски | СОУ „Наум Н.Борче“ | Крушево |
| 27. | Коста Хасану | СОУ „Наум Н.Борче“ | Крушево |
| 28. | Кочо Јанкулоски | СОУ „Наум Н.Борче“ | Крушево |
| 29. | Аврамоски Кире | ЕЛС-Крушево | Крушево |
| 30. | Дамчески Велко | ЕЛС-Крушево | Крушево |
| 31. | Пејчиноски Никола | ЕЛС-Крушево | Крушево |
| 32. | Чакалар Сотираки | ЕЛС-Крушево | Крушево |
| 33. | Адемоски Ферис | ЕЛС-Крушево | с.Норово |
| 34. | Виктор Најдоски | Здравствен Дом-Крушево | Крушево |
| 35. | Јанку Меле | Здравствен Дом-Крушево | Крушево |
| 36. | Тања Јованоска | Здравствен Дом-Крушево | Крушево |

2. Со Универзалната единица за заштита и спасување командува Општинскиот штаб за заштита и спасување.

3. Универзалната единица за заштита и спасување дирекно на терен преку својот персонален состав се грижи за отстранување на последиците од настанатите природни непогоди, епидемии, епизотии и други несреќи, во обласа на гасење пожари, снежни наноси, поплави, спасување на луѓе и имот, расчистување на локални патишта, улици и инфраструктурни објекти, лизгање на земјишта, наноси од земја и сл.

4. На лицата во составот на Универзалнат единица за заштита и спасување кои учествуваат во актвностите им следува финансиски надомест кој го определува Општинскиот штаб за заштита и спасување.

5. Со донесувањето на ова Решение престанува да важи решението бр.07-499/4 од 09.06.2014 година и решението бр.08-583/9 од 27.05.20219 година.

6.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-705/6 од 27.05.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 12-та седница на Советот на Општина Крушево ... 1
2. Одлука за кофинансирање на проектот „Збогатување на културната понуда во насока на развојот на туризмот во регионот“ ..................... 1
3. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ....................................... 2

4. Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на на Општина Крушево за 2022 година ..................................... 2
5. Решение за формирање на Универзална единица за заштита и спасување на Општина Крушево ................................................................................ 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.